12.1. 4. Потомците на Никче Поп Спиров Онуфриевски ( 56 ), Лешок

Населението од Лешок потомците на Никче односно Никола ги вика поп Спироој, Попоски, Спириќ и понекогаш и Лалошоој, а многу често гиословуваст со Бореej, но, најповеќе ги викаат поп Спироој.

Никче (56) е едно од петте деца на поп Спиро и Менуша Онуфриевски ( Глигорие, Трпо, Андро и Никче и Драган). Никче Онуфриевски и Андро Поповски се родени 1900 година и се близнаци. Драган е роден 1906 г. и умира на две години. Никче умира на 25 годишна возраст, во 1926 година и го оставил сираче аџо Боре на 3 години.

Никче(56) бил женет со Трпана од Теарце и имале еден син Боре Спироски(166).

Кога умира Никче, Трпана се премажува за Ане од Непроштено и има ќерка Николина, која пак има синови: Љупчо и Драги.

Јас, евидентирав и обработив 17 потомци на Никче, кои се искажани во Табела бр. 12, а други податоци има внесено и во другите табели ( види: Табела бр. 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9, 12, 13, 15, 17, 26, 27, 28 и 29 ).

Боре до 1938 година живее во заеднница со Спиро, Менуша и со баба Цвета, која 1933 година е вдовица и со татко ми Живко и чичко ми Слободан, кога се преселуваат со поп Спиро и Менуша во новата куќана Спиро.

Голема благодарност на аџо Боре Спировски што ми даде фотографии од дедо Никче и од поп Спиро.

Боре( 166) е роден 1923 год во Лешок и се жени 1940 год. со Бора, ќерка на Захарие и Аца Јовановски од Отуње и имаат три сина: Стојан( 442), Петре(443) и Владо (444).

Стојан Спироски(442) е роден во Лешок, работи како економист-комерцијален директор во Тетекс Тетово и Трготекстил Скопје, се жени за Звезда, правник, од родот Котлинци од Јанчиште, која работи во Тетекс и имаат две ќерки: Борка и Павлина. Борка е економист и работи во ПКБ, Скопје и Сигма Оил Скопје, а мажена е за Јордан Танасковски од Маџари, Скопје. Павлина е правник и работи во Спорт Лајф, мажена е за Влатко Николовски од Ѓ. Петров и имаат две деца: Сара и Анастасија. Инаку, Звезда Сибиновска (58) е ќерка на Саве (15) од родот Котлинци од Јанчиште и ми е втора братучеда бидејќи и мајка ми Јорданка(29) е од родот Котлинци, а втор братучед ми е и мажот и Стојан Спироски ( види: Табела бр. 20, 20-а,20-б и 20-в).

Петре Спироски (443) е роден во Лешок, наставник во Шемшево и во ОУ Вера Циривири Трена во Скопје. Петре женет за Зорица од Коачоој од Варвара, која млада почина и имаат ќерка Ирена(974) и син Борче(975). Ирена Спироска(974) живее во Скопје, е правник и работи како спикерка и новинар-уредник во МРТВ и ТВ Канал 5 и ТВ Алфа и има ќерка Зорица, додека Борче Спироски е роден 1975 г.од, оженет и има син Павел.

Владо Спироски (444) е роден и живее во Лешок 1947 год. работи во Германија и во Тетекс, женет со Даница од Жилче, која работи во Тетекс и имаат син Никола и ќерка Николина. Никола Спироски е женет со Сузана и имаат два сина: Влатко и Даниел, а Николина мажена е во Битола за Славе Стефановски и имаат син Стефан и ќерка Симона.




(Гранката на Никче (Никола) Онуфриевски, од фамилијата Спироски и родот Лалошои )
(Family tree of Nikce (Nikola) Onufrievski of the family Spiroski and the kin Lalosoi )



(Никола (Никче) Поп Спиров Онуфриевски,од Лешок, 1900-1926)
(Nikola (Nikce) Pop Spirov Onufrievski- Lesok, 1900-1926)



( Боре Спироски, во машка народна носија од Лешок, 1970 г. облечен за снимање на некој филм)
( Bore Spiroski in male costume - Lesok, 1970 for shooting a film)



( Нина Борејца (Борка) Спироска, ученик во Отуње во 1929 г. на учителот Трпо)
( Nina Borejca (Borka) Spiroska a pupil in Otunje in 1929 – teacher Trpo)



( Боре Спироски ( 1922-2007), со синот Владо и снаата Даница Спироски, Лешок, 2005 г.)
( Bore Spiroski ( 1922-2007), with his son Vlado and his daughter-in-law Danica Spiroski, Lesok, 2005)



( братучедот Спироски Борев Стојан, од Лешок на посета во Тим Консалтинг, Скопје )
(the cousin Spiroski Borev Stojan- Lesok , visit in Team Consulting, Skopje )




( Лешок, јули 2007, Владо Борев Спироски со внукот Владо, на Кале кога со багерот од Целе од Туденце го обликувавме теренот од нивата)
( Lesok, July, 2007, Vlado Borev Spiroski with his grandson Vlado-Citadel,with the bulldozer of Cele from Tudence)



( братучедот Петре Спироски од Лешок, невестата Зорица од Коачоој од Варвара и Митко Спироски на регистрација )
( the cousin Petre Spiroski - Lesok,the bride Zorica - Koacooj - Varvara and Mitko Spiroski –registration)



( Лешок, октомври 2007, Спироски Стојан ,собира костени на Шара)
( Lesok, October , 2007, Spiroski Stojan is picking up chestnuts of Shara)




( Лешок, мај 2005, Манифестација-160 Години Кирил Пејчинович, Ирена и Митко Спироски и Андреа Ѓорѓевски )
( Lesok, May,2005, Manifestation-160 Years Kiril Peychinovich , Irena and Mitko Spiroski and Andrea Gorgevski )



(Ирена Спироска, Милка Спироска и Славица Спироска со сваќите ( сваќете),12. Април 2009 год.,Блага ракија во мојот дом после свадбата на синот Огнен Спироски со Маја ( Мартиновска)
(Irena Spiroska, Milka Spiroska and Slavica Spiroska, wit weding gusetes, 12 April,2009, Sweet brandy in my home after the weddingna of Ognen and Maja Spiroski )




( Лешок,22.11.2009,Кале, Душко Костев Кировски од Варвара,има куќа во Лешок)
( Lesok,22.11.2009,Kale, Dushko Kostev Kirovski from Varvara, have in hause on Lesok)